Јавно претпријатие за комунални
дејности
ПЛАВАЈА П.О.
Бр.0203-186/2
04.03. 2026 год.
Радовиш

# И З В Е Ш Т А Ј

На Надзорниот Одбор за извршената контрола на материјално-финансовото работење во ЈП Плаваја-Радовиш за деловната 2025 година

Февруари-2026 г. Радовиш

Советот на општина Радовиш со решение бр.08-390/1 од 27.02.2026год. го именува Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансовото работење на ЈП Плаваја Радовиш за деловната 2025 година во состав:

1. Милчева Велика
2. Ѓоргиева Лихнида
3. Андонова Силвана

Активностите на членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансовото работење за деловната 2025 година во ЈП Плаваја Радовиш се во контрола на: благајничкото работење, приходите и расходите и контрола на извршените пописи на средствата, капиталот и обврските.

Исто така големо внимание е посветено на контрола околу изготвувањето на Завршната сметка и сите обрасци за годината што завршува на 31.12.2025 год. Според пропишаните законски прописи.

Во текстот подолу е прикажано поединечно изнесување на составните делови на Завршната сметка за 2025 година на ЈП Плаваја Радовиш.

Биланс на успех за 2025 година

| | | |
|---|---|---|
| 1. Приходи од основна дејност | 130.400.909,00 | |
| 2. Расходи од основната дејност | 128.510.129,00 | |
| Материјални трошоци | | 21.324.832,00 |
| Бруто плата на вработените | | 69.349.430,00 |
| Амортизација | | 27.164.303,00 |
| 3. Добивка за тековната година | 1.890.780,00 | |
| 4. Данок и придонеси од добивката | 455.517,00 | |
| 5. Добивка за финансиската година | 1.435.263,00 | |

Во билансот на успех од редовното работење и од други активности прикажана е добивка во износ од 1.890.780,00 денари но по пресметување на данокот од добивка во износ од 455.517,00 денари, искажаната добивка за тековната 2025 година изнесува 1.435.263,00 денари.

Позитивниот финансиски резултат се базира на поорганизираната наплата од граѓаните и стопанството, односно намалени материјални и нематеријални трошоци.

Напоменуваме дека во 2025 година ЈП Плаваја Радовиш редовно ги има исплатено бруто платите на вработените преку трансакциски сметки заклучно со 31.12.2025 г. и продолжува со истото темпо во 2026 година.

Биланс на состојба на 31.12.2025 година

| | |
|---|---|
| 1. Постојани средства | 295.452.650,00 |
| 2. Тековни средства | 109.167.843,00 |

| | |
|---|---|
| Залихи | 11.344.444,00 |
| Побарувања | 88.411.226,00 |
| Парични средства | 9.412.173,00 |
| 3. Вкупна актива | 404.620.493,00 |

| | |
|---|---|
| 1. Капитал и резерви | |
| 2. Запишан капитал | 500,00 |
| Обврски спрема доверители | 91.328.803,00 |
| Добивка од финансиската година | 1.435.263,00 |
| 3. Вкупна пасива | 404.620.493,00 |

Во 2025 година е остварен поголем позитивен финансиски резултат за разлика од 2024 година.

Врз основа на извештајот. Надзорниот одбор за следење на материјално-финансовото работење во ЈП Плаваја за деловната 2025 година дава ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ до Управниот Одбор да ја разгледа и усвои завршната сметка за 2025 година на ЈП Плаваја Радовиш.

Надзорниот одбор за матерјално-финансиско работење констатира дека книговодството на ова јавно претпријатие е водено според пропишаните меѓународни сметководствени стандарди и сите законски прописи за изготвување на завршни сметки за јавни претпријатија.

Радовиш
04.03.2026г.

Милчева Велика ____________

Андонива Силвана ____________

Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП.-ПЛАВАЈА- Радовиш

| Примено: 22.05.2026 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 0201 | 427/1 | | |

508

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XIII седница одржана на 29.04.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување на Извештај за Надзорниот одбор за извршената контрола на материјално- финансовото работење во ЈП Плаваја Радовиш за деловната 2025 г.

I. Се усвојува Извештај за Надзорниот одбор за извршената контрола на материјално- финансовото работење во ЈП Плаваја Радовиш за деловната 2025 година бр.0203-186/2 од 04.03.2026 година.

II. Овој Заклучок стапува на сила 8(осмиот) ден од денот на објавување во “Службен гласник на општина Радовиш”

Број 08-705/1
Дата 29.04.2026 година
Радовиш

Совет на Општина Радовиш
Претседател
Гоце Дединец

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
„СОВЕТ НА ОПШТИНАТА“
ОПШТИНА РАДОВИШ

Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП.-ПЛАВАЈА- Радовиш

Примено: 22.05.2026

| Орг. един. | Број | Предлог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 0201 | 427/2 | | |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

## Р Е Ш Е Н И Е

за прогласување и објавување
на Одлука за усвојување на Извештај за Надзорниот одбор за извршената контрола на материјално- финансовото работење во ЈП Плаваја Радовиш за деловната 2025 г.

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување на Извештај за Надзорниот одбор за извршената контрола на материјално- финансовото работење во ЈП Плаваја Радовиш за деловната 2025 г., 08-705/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 29.04.2026 година.

Број 09-705/2
Дата 29.04.2026 година
Радовиш

Градоначалник
на Општина Радовиш
Љупче Почивалец

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
"ГРАДОНАЧАЛНИК"
ОПШТИНА РАДОВИШ